Министерството за труд и социјална политика со цел дефинирање на критериуми под кои ќе се вработуваат лицата со инвалидност објавува

**Предлог критериуми , услови за** бодирање и потребна документација **за засновање на работен однос на неопределено работно време** за 300 извршители (лица со инвалидност) и тоа:

**1. Помошни работници - 100 (сто) извршители со НКВ, ПКВ, НСО, КВ и ВКВ**

**2. Референти - 160 (сто и шеесет) извршители со ССС или ВШС степен на стручна подготовка и тоа:**

**3. Соработници (Советници) - 40 (четириесет) извршители со ВСС степен на стручна подготовка**

**Услови:**

На огласот може да се јават невработени лица со инвалидност и тоа:

лица со оштетен вид (слабовидни и слепи),

лица со оштетен слух (наглуви и глуви),

лица со пречки во гласот, говорот и јазикот,

лица со телесна инвалидност (тешка и потешка телесна инвалидност),

лица со пречки во менталниот развој (лесни пречки ),

лица со комбинирани пречки и

инвалиди на трудот ,

кои што немаат засновано работен однос и кои што поради степенот на инвалидност имаат специфични потреби во работењето и се работоспособни, врз основа на наод и мислење од надлежен стручен орган или Комисија за оцена на работната способност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

**Изборот на кандидати за засновање на работен однос ќе се врши согласно следниве критериуми на бодирање**

- години на невработеност - 40 бода за лицата со инвалидност кои што најдолго се невработени, пропорционално помалку бодови за останатите согласно периодот на невработеност:
- личен приход на лицето со инвалидност – 30 бода за лице со инвалидност со 0 приходи, пропорционално помалку бодови за лица со инвалидност кое што има лични приходи;

- приход на домаќинство – 20 бода за лице со инвалидност од домаќинство со 0 приходи, пропорционално помалку бодови за лица со инвалидност од домаќинства во кои што има приходи и

- за лица со инвалидност од домаќинства во кои што има приходи и самохран родител, еднородителско семејство или домаќинство во коешто два или повеќе членови се лица со инвалидност-10 бода.

При оцена на критериумот приходи на домаќинство ќе се земе состојбата на приходи на 01.01.2013 година.

Социјалната парична помош, посебниот додаток, паричниот надомест за помош и нега од друго лице и додатокот за слепило/мобилност не се земаат како приход на кандидатот и членовите на домаќинството.

При изборот за вработување ќе се води сметка за принципот за еднаква и правична застапеност на заедниците во Република Македонија.

При распоредувањето на избраните кандидати ќе се има во предвид наодот и мислењето на Комисијата за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место.

**Алтеранива 1 за застапеност на лицата со инвалидност:**

При изборот за вработување ќе се води сметка за принципот за еднаква застапеност на лицата со инвалидност според вид и степен на инвалидност. Во овој случај еднакво ќе бидат застапени лицата со различен вид и степен на инвалидност.

**Алтернатива 2 за застапеност на лицата со инвалидност:**

При изборот за вработување ќе се води сметка на застапеност на видот и степенот на инвалидност според бројот на поднесените барања на овој оглас. Во овој случај застапеноста на лицата со инвалидност ќе биде во зависност од поднесените барања од кандидати со ист вид и степен на инвалидност, при што најголем број на работни места ќе добијат лицата кои ќе поднесат најмногу барања од ист вид и степен на инвалиднот..

Работното време за сите извршители е одредено од 8,30 до 16,30 часот.

**Потребна документација:**

- Пополнета и потпишана Апликација и формулар на пропишан образец кои ќе може да се превземат, од веб страницата на Агенцијата за вработување на Република Македонија и ЈП „Македонски шуми“ Скопје www.avrm.gov.mk ; www.mtsp.gov.mk или од Архивата на ЈП „Македонски шуми“ Скопје како и од архивите на подружниците во јавното претпријатие;
- Копија од наод и мислење за вид и степен на инвалидност издаден од страна на надлежен стручен орган или наод и мислење за оцена на работната способност издаден од страна на Комисијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;
- Диплома или уверение за завршен вид и степен образование и
- Копија од уверение за државјанство на Република Македонија.

Податоци потребни за бодирање надлежните исnтистуции ќе ги обебзбедат по службена должност.

Забелешките и коментарите може да се испратат на следната е-маил адерса: oglas@mtsp.gov.mk